# НАСТАВНА ПРОГРАМА

## *СЛОБОДЕН ИЗБОРЕН ПРЕДМЕТ*



# ЕТИКА И МОРАЛ
### ЗА VII ОДДЕЛЕНИЕ

**Мавови Анови, 2024**

# Наставна програма: Слободен изборен предмет- ЕТИКА И МОРАЛ за VII одд.

## ООУ „Денче Дејаноски”- Маврови Анови

### Наставник: Јелена Змејкоска

### ОСНОВНИ ПОДАТОЦИ ЗА ПРЕДМЕТОТ

| | |
|---|---|
| **Наставен предмет :** | Етика и Морал |
| **Вид/категорија на наставен предмет:** | Изборен |
| **Одделение:** | VII ( седмо) |
| **Теми/подрачја во наставната програма:** | Етиката и моралот / 11 часа<br>Универзални етички вредности / 14 часа<br>Добро однесување/ 11 |
| **Број на часови:** | 36/ 2 часа неделно |
| **Изготвил/адаптирал/преземено од:** | Изготвено од наставник: Јелена Змејкоска ООУ „Денче Дејаноски“-М.Анови |
| **Опрема и средства:** | - Аудиовизуелни средства (компјутер, таблети, дигитален фотоапарат, печатач или други дигитални уреди);<br>- Интернет (линкови/врски, веб страници);<br>- Средства и материјали за цртање (тетратки, хамери, молив, дрвени боици, фломастери и друго);<br>- Средства и материјали за истражување (енциклопедии, етички речник, етички текстови, прирачници, работни листови);<br>- Нагледни средства (кратки видео записи, фотографии, списанија, книги, постери, апликации,илустрации, проспекти и сл.);<br>- извори на учење во непосредната околина-појави во општеството и односите меѓу луѓето;<br>- Посета на институции и запознавање со нивниот начин на функционирање. |

## ПОВРЗАНОСТ СО НАЦИОНАЛНИТЕ СТАНДАРДИ

### Наставната програма вклучува релевантни компетенции од подрачјето на националните стандарди од подрачјето VI Општество и демократска култура

| | |
|---|---|
| **VI-A.1** | да објасни како општествените фактори влијаат врз личноста и средината и да ги зема предвид при формирање мислење и донесување одлуки; |
| **VI-A.2** | да го анализира сопственото однесување со цел да се подобри, поставувајќи си реални и остварливи цели за активно делување во заедницата; |
| **VI-A.3** | да ги формулира и аргументира своите гледишта, да ги сослушува и анализира туѓите гледишта и со почитување да се однесува кон нив, дури и тогаш кога не се согласува; |
| **VI-A.4** | да прави критичка рефлексија за различните лични и општествени вредности и однесувања во различни контексти (особено во етички сензитивните ситуации), да ги почитува општествено прифатените норми и вредности, но и да ги предизвикува кога мисли дека тоа е потребно; |
| **VI-A.5** | да ги разбира разликите меѓу луѓето по која било основа (родова и етничка припадност, возраст, способности, социјален статус, сексуална ориентација итн.); |
| **VI-A.6** | да препознава присуство на стереотипи и предрасуди кај себе и кај другите и да се спротивставува на дискриминација; |
| **VI-A.7** | да препознава манифестација на вербално и физичко насилство во сопственото опкружување, да ги согледува последиците од насилството и да се спротивставува на него; |
| **VI-A.8** | да согледа што ги поврзува, а што ги разединува луѓето во заедницата, да изнаоѓа начини да придонесе за напредокот на заедницата, имајќи ги предвид потребите и интересите на сите; |

*Ученикот/ученичката разбира и прифаќа дека:*

| | |
|---|---|
| **VI-Б.1** | не смее да прави дискриминација врз основа на разликите меѓу луѓето (родова и етничка припадност, возраст, способности, социјален статус); |
| **VI-Б.2** | сите луѓе, вклучувајќи ги и децата, имаат право да ги изразуваат своите мислења и ставови и да учествуваат во донесувањето одлуки кои се поврзани со нивните потреби и интереси; |
| **VI-Б.3** | човековите права се универзални, а границите на правата на секој човек се правата и слободите на другиот; |
| **VI-Б.4** | неселективното почитување на човековите права и слободи е клучно за добросостојбата на поединците и за општестото во целина; |
| **VI-Б.5** | еднаквоста, рамноправноста и социјалната кохезија се неопходни за успешно функционирање на заедницата; |
| **VI-Б.6** | личниот ангажман и соработката со другите се битни за остварување заеднички јавен интерес; |
| **VI-Б.7** | секој граѓанин е должен одговорно да се однесува кон сограѓаните, заедницата и општеството во целина, постојано имајќи ги предвид последиците од своите постапки по другите и околината |

## РЕЗУЛТАТИ ОД УЧЕЊЕ

**Тема 1. ЕТИКАТА И МОРАЛОТ**

***Знаења/вештини:***

- Ја разбира важноста и значењето на етиката и моралот во животот на човекот;
- Ги препознава етичките односи меѓу луѓето;
- Го сфаќа значењето на поимот Морал и морално однесување во сите области на општеството;
- Прави разлика меѓу личен и општествен (социјален морал);
- Ги знае етичките препораки од сознанијата од познати етички мислители како Мајка Тереза, Св.Климент Охридски.

***Ставови/вредности:***

- Почитува етички начин на мислење;
- Прифаќа етички начин на мислење во секојдневниот живот;
- Подготвен е дека секој поединец може на различен начин да го даде својот придонес во менувањето на односот кон животната средина.

| ***Содржини (и поими) и број на часови*** | ***Примери на активности:*** |
|---|---|
| • Содржина: **ШТО Е ЕТИКА**<br>• (Етика, етичка одлука, Аристотел)<br><br>Број на часови: 1 | Се запишуваат поимите добро-лошо. Учениците ги даваат своите размислувања за овие поими. Се доаѓа до идејата дека Етиката го следи доброто а го избегнува злото т.е. лошото. Следува дискусија со учениците. Потоа следува активност-учениците имаат задача преку интернет-google-images да пронајдат фотографија и информации од создавачот на Етиката-Аристотел. Потоа пребаруваат информации за Етиката конкретно за зборот **етика-**потекло и значење на зборот. Две групи на ученици споделуваат свои искуства на тема како да се донесат правилни етички одлуки, при што наставникот како почетна основа им дава листови на кои се запишани следниве етички правила:<br>а) дали тоа што го правиме и нè прави среќни е правилно?<br>б) какви ќе бидат последиците од нашето однесување врз другителуѓе?<br>в) секогаш да размислуваме за тоа како правилно да постапиме;<br>г) дали нашата постапка е искрена, чесна и праведна;<br>д) дали со нашето однесување нема да повредиме некого?<br>- Другите две групи ученици споделуваат свои искуства на тема: кога е можно да се донесат погрешни етички заклучоци? Наставникот како почетна основа им дава лист каде се запишани следниве примери:<br>а) ако е неопходно, тогаш е етички;<br>б) ако не се казнува, тогаш е правилно;<br>в) имав добра лична причина да го направам тоа; г) го направив тоа за тебе по |

| | |
|---|---|
| | секоја цена;<br>д) сите го прават тоа, зошто не и јас;<br>ѓ) така ми дојде да направам;<br>е) во ред е ако јас не губам ништо со тоа.<br>Секоја од четирите групи одредува по еден претставник кој на крај ќе ги сподели најважните заклучоци од групната работа пред целото одделение, во однос на тоа дека од исклучителна важност е пронаоѓањето на патот за донесување на добри и избегнување на лоши одлуки. |
| • Содржина: **ЗНАЧЕЊЕТО НА ЕТИКАТА**<br>• (етички стандард /кодекс)<br><br>Број на часови: 1 | Учениците дискутираат во групи на тема зошто е потребно да постојат етички стандарди или кодекси на однесување? Секој ученик има задача во групата да посочи по еден пример од кодексот на однесување на учениците во училиштето и по еден пример на каков начин може да се прекрши посочениот кодекс на однесување.<br>Најважните заклучоци од групната работа се презентираат.<br>Учениците добиваат за задача да изработат сопствен дневник на примерно однесување за претходната седмица. Тие го пополнуваат дневникот за секоја активност седмично. На крајот се охрабруваат да постигнат уште поголеми резултати за следната седмица кои ќе ги забележат во дневникот за примерно однесување. |

| | |
|---|---|
| • Содржина: **ПОИМОТ МОРАЛ**<br>• (морал, Цицерон,позитивен однос, негативен однос)<br>Број на часови: 1 | Учениците дискутираат за моралот како една од најважните карактеристики на човекот. Следува кусо излагање за моралните правила. Следува кусо излагање за трите извори на моралот. Учениците добиваат задача преку интернет на google (images) да пронајдат фотографии и информации од создавачот на зборот Морал (Цицерон) и истите се споделуваат пред одделението.<br>Потоа секој ученик добива лист хартија. На листот треба да напише и да нацрта нешто за себе: Што прави во слободното време? Што го исполнува на училиште? Што сака да постигне? Нешто за своето семејство... Во празниот дел на листот се запишува животното мото – некоја изрека, мудрост, омилена реченица, фраза. Потоа учениците може да го покажат она што го напишале и да го споделат во тандеми. На крајот, пред целото одделение, другарчето зборува за тоа што научило од споделеното искуство на своето другарче од тандемот.<br>________________________________________<br>На табла се запишуваат Позитивен однос и негативен однос и учениците ги истакнуваат сите нивни идеи за овие поими. Учениците преку интернет-google-images пронаоѓаат фотографији и информации за кинескиот етичар Конфучие. Потоа во OpenOffice writer ја запишуваат неговата позната мисла-*Сите луѓе не можат да бидат богати и значајни, но секој може да прави добро.*<br>Следува кусо излагање за **размислувањето и избирањето** како основни својства на човекот. Учениците добиваат листови со етички препораки (Што да се прави? Што да не се прави?) Етичките препораки ги сместуваат на местото каде припаѓаат според наставниот лист. Откако ќе завршат со нивната задача, следува презентација на нивните одговори. |
| • Содржина: **ЗНАЧЕЊЕТО НА МОРАЛОТ**<br>• (општо добро, размислување, избирање)<br>Број на часови: 1 | Наставникот го објаснува значењето на моралот во формирањетои регулирањето на однесувањето на луѓето во општеството;<br>Учениците се делат на групи и секоја група добива инструкции од наставникот да истражи и изработи на хамер презентација за една високо морална личност (примерите може да вклучуваат историски личности или личности од околината). Презентацијата треба да вклучува фотографии, настани од животот на личноста и поучни говори или пораки од избраната личност како пример за висок морал. Учениците на часот ги презентираат своите групни изработки и посочуваат кои особини на таа личност најмногу ги почитуваат. Наставникот ги запишува на таблата сите посочени доблести од примерите кои ги даваат учениците за особено да ги истакне како важни да се стекнат од секого. |

| | |
|---|---|
| • Содржина: **ЕТИКАТА И ОПШТЕСТВОТО**<br>• (личен морал, општествен и социјален морал)<br><br>Број на часови: 1 | Се дискутира со учениците за правила и обичаи кои лично си ги почитуваат и учениците споделуваат нивни сопствени примери. Учениците споделуваат примери на етичко однесување кои не се впишани во законот на општеството. Учениците споделуваат примери со кажување на вистината, споделуваат примери на етички правила со чие прекршување луѓето се одговорни пред законот на државата. На пример, насилство, кражба итн. Учениците имаат задача да направат разлика помеѓу личен и општествен (социјален) морал и да набројат примери за истите. |
| • Содржина: **МАЈКА ТЕРЕЗА (НАЈПОЗНАТА МОРАЛНА ЛИЧНОСТ)**<br>• (хуманост, Мајка Тереза)<br>• Број на часови: 1 | Учениците добиваат наставни листови со прашања за хуманоста, што претставува за нив, дали и како би помогнале тие и сл. Следува презентација на нивните одговори и за тоа како се чувствувале додека пишуваат за хуманоста. Потоа следува кусо излагање за Мајка Тереза проследено со фотографии за учениците да добијат појасна слика. Учениците учениците имаат задача преку интернет-google-images да пронајдат фотографии и информации за најпозната морална личност- Мајка Тереза. Акцент се става на познатата мисла на Мајка Тереза (Не можеме да правиме големи нешта но малите може да ги правиме со голема љубов) преку која учениците критичkи даваат свои објаснувања. |
| • Содржина: **НАЈПОЗНАТИТЕ ЕТИЧКИ ПОРАКИ (ИЗРАБОТКА НА ПОСТЕР)**<br>• (етичка порака, златно етичко правило)<br><br>Број на часови: 1 | Учениците преку групна форма на работа изработуваат постер со наслов”Најпознатите етички мисли” со помош на одредени фотографии од познати етичари и нивните етичките мисли. Исто така на постерот ги истакнуваат и нивните етички Еко-пораки кои ќе ги состават заеднички и ќе ги истакнат заедно со другите етички мисли придавајќи им голема важност. Додека трае активноста, се следи и насочува нивната работа, доколку имаат потешкотии со истата. Групата си избира гласноговорник и го го презентира сработениот постер. |
| • Содржина: **КВИЗ (ОЦЕНУВАЊЕ НА НАУЧЕНОТО)**<br><br>Број на часови: 1 | Во овој дел од часот, се разгледуваат ученичките портфолија заеднички со учениците кои содржат изработки од учениците, органајзерите за ипсативно оценување и сл. – Учениците добиваат КВИЗ со интересни прашања од досега наученото и одговараат на истите. Потоа заеднички се разгледуваат преку ипсативно оценување. |

| | |
|---|---|
| • Содржина: **СОПСТВЕНОСТ (ЗЕЛЕН ПАКЕТ)**<br>• (сопственост, одговорност)<br><br>Број на часови: 1 | Се отвара насочена дискусија со учениците за свесноста (моралноста) и кон предметите кои се наша сопственост (Како се однесуваме со нив?) И Како се однесуваме со предметите кои не се во наша сопственост (пример со природата). Се доаѓа до поимот **сопственост-**нешто што е наше лично и никој не може бесправно да ни го одземе. На учениците се делат наставни листови со кратката приказна-**Пољаната.** Откако ќе завршат учениците со читање добиваат улоги од приказната (секој со својата улога го опишува својот имот и чувствата кои ги поседува кога некој се однесува лошо и непримерно кон нив). Потоа учениците ги читаат приказните-**Во нашиот блок станови** и **Во нашето соседство** по што се доаѓа до насочена дискусија за одговорноста и сопственоста. Се доаѓа до поимот одговорност(одговорноста е обврска). Следува активност: На учениците се делат наставни листови со вежба (Моја сопственост-Моја одговорност) каде учениците треба да набројат предмети кои се во нивна сопственост и обврските кои ги имаат учениците кон себе, дома, на училиште, со другарчињата. Се става акцент на тоа дека почитувањето, ветувањето па дури и извинувањето после грешка е одговорност. Откако ќе завршат со вежбата, следува презентација на ученичките одговори. |
| • Содржина: **СВ.КЛИМЕНТ ОХРИДСКИ**<br>• (Св.Климент Охридски, етички пораки и учење )<br><br>• Работилница: **ИЗРАБОТКА НА ПОСТЕР**<br><br>• Број на часови: 2 | Учениците преку однапред зададен лист со прашања за интервју си одбираат партнер и се интервјуираат меѓусебно колку имаат општо познавање за Св. Климент Охридски. Откако ќе заврши нивното интервјуирање, преку читање и работа на текст , се запознаваат со живото и делото на првот македонски етичар Св.Климент Охридски. Се делат наставни листови на учениците со текст (извадок од Св. Климент Охридски) и учениците ги бараат самостојно етичките пораки на Св.Климент Охридски. Откако ќе завршат со активност, следи презентација на ученичите одговори.<br>________________________________________<br><br>Учениците во групна работа изработуваат постер (со избрани фотографии) со ликот и делото на Св.Климент Охридски како и институциите кои го носат неговото име. Додека трае нивната активност, се следи и насочува нивната работа доколку имаат потешкотии со истата. Откако ќе завршат со активноста, го изложуваат нивниот постер на видно место. Учениците одбираат гласноговорник и истиот врши презентација. |

**Тема 2. УНИВЕРЗАЛНИ ЕТИЧКИ ВРЕДНОСТИ**

***Знаења/вештини:***

- Да ги идентификува универзалните етички вредности;
- Има познавања за  вештините за толеранција, дијалог, почитување ио соработка со другите;
- Има познавања  за заштита на животната средина;
- Има познавања за  користење на дигиталните алатки, пребарување на информации на интернет и сл.

***Ставови/вредности:***

- Ја поддржува својата улога и своето место за грижа  на планетата Земја;
- Почитува грижа за другите како и одговорноста кон општеството и животната средина;
- Се залага за: вистината, праведноста, чесноста и одговорноста во сите области на општественото живеење;
- Ја прифаќа важноста на бонтонот во современото општество.

| ***Содржини (и поими) и број на часови*** | ***Примери на активности:*** |
|---|---|

| | |
|---|---|
| • Содржина: **ДОБРОТО КАКО НАЈВИСОКА ЕТИЧКА ВРЕДНОСТ**<br>• (заедничко добро, вредности, одговорности, заедничка грижа)<br><br>Број на часови: 1 | Учениците поделени во парови разговораат, а потоа имаат и групна дебата и други слични активности за доброто како највисока етичка вредност, притоа поставувајќи како основа по еден настан што се случил и прават проценка на кој начин луѓето можат да ги афирмираат етичките вредности;<br>Учениците наведуваат примери како тие се грижат за заедничкото добро;<br>Учениците се поттикнуваат да препознаваат и осудуваат примери кои се сметаат како негрижа за заедничкото добро;<br>Учениците користат текстови, илустрации и сл. за моралните вредности и традициите на граѓаните во земјата кои може да бидат претставени на хамер како групна изработка. Додека трае нивната активност, се следи и насочува нивната работа. Откако ќе завршат со изработката, хамерот се истакнува на видно место. Учениците избираат гласноговорник и се презентира сработеното. |
| • Содржина: **ЕТИКАТА ВО СВЕТОТ**<br>• (општа етика, идеал, вредност, норма, дело)<br><br>Број на часови: 1 | На учениците им се делат наставни листови со зборчиња кои означуваат морални вредности кои се вредности од целиот свет (Мир, Почитување, Пријателство и сл.) и учениците имаат задача да напишат сопствен пример за истите. Додека работат учениците, се следи нивната активност и се насочува доколку има одредени потешкотии во врска со поставената задача. Се презентираат одговорите од учениците и следува дискусија. Следува запишување и објаснување на четирите форми на етиката (идеал, вредност, норма, дело). Со помош на одреден етички поим, се објаснуваат овие форми на етиката. Се прикажуваат на учениците делови од анимиран филм со лик претставен како личност т.е. Херој на доброто и истиот лик ги содржи вредностите од целиот свет, како добар показател на учениците за моралот и доброто. |
| • Содржина: **ЧЕСНОСТА Е НАЈГОЛЕМА ДОБЛЕСТ**<br>• (добродетел, чесност )<br><br>Број на часови: 1 | Следува излагање дека вредностите се нарекуваат добродетели-карактеристики кои ги поседуваат луѓето за добар и среќен живот. На учениците се делат наставни листови со активност : Од дадените слогови да состават зборови кои означуваат некоја добродетел. Додека трае нивната активност, се следи и насочува нивната работа доколку имаат потешкотии со истата. Откако ќе завршат, следува презентација на нивните одговори. Учениците преку задачата ја пронаоѓаат **чесноста** како најголема добродетел. Следува кусо излагање за чесноста како најважна етичка вредност која треба да ја поседуваат сите луѓе на светот. Потоа на учениците им се делат наставни листови со активност: Примери во кои оценуваат што е добро а што е лошо во однесувањето на дадените ситуации. Додека трае активноста се следи нивната работа и се насочува доколку има потешкотии со задачата. Откако ќе завршат со активноста, се презентираат нивните одговори. |

| | |
|---|---|
| • Содржина: **ВИСТИНАТА КАКО ЕТИЧКА ВРЕДНОСТ**<br>• (вистина, лага, вредност)<br><br>Број на часови: 1 | Учениците се делат во парови. Секој добива задача да каже за себе по две работи (едно нешто вистинито а друго лажно). Едниот член прво кажува за себе а другиот погодува, потоа ги заменуваат улогите (место каде биле, нешто што се случило). На крај се проверува колку е лесно/тешко да се открие што е вистинито, а што лажно. Потоа на учениците им се делат наставни листови со неколку лаги со инструкција да ги прочитаат истите и да дадат мислење -Зошто луѓето лажат?. Се развива дискусија за вистината и лагата, при што самите ученици доаѓаат до идејата за вистината како етичка вредност која е од суштествено значење за морален живот. |
| • Содржина: **ПРАВЕДНОСТА КАКО ЕТИЧКА ВРЕДНОСТ**<br>• (праведност, фер одлуки, правила, закони, одговорност)<br><br>Број на часови: 2 | Учениците искажуваат фер/нефер ситуации во животот на луѓето во општеството. Се дискутира за тоа како се спроведува праведноста во училиштето, семејствата и сл. Следува дискусија за постоење на правила и закони во општеството и нивото почитување. Учениците добиваат Вежба со ситуации (Како ќе пресудиш?), учениците ги анализираат дадените ситуации и даваат сопствено мислење за истите поттикнувајќи ги да се заземаат за праведноста.<br>________________________________________<br>Учениците индивидуално пополнуваат листа (<u>Одговорности во училиште)</u> каде ги наведуваат одговорностите кои ги поседуваат вработените во училиште и учениците. Додека трае нивната активност, се следи и насочува нивната работа, доколку имаат потешкотии со истата. Потоа следува презентација на ученичките одговори. Следува работилница: учениците во групна изработуваат постер со заеднички одговорности во училиштето. Откако ќе завршат со нивната активност, следува изложување на постерот и негова презентација од гласноговорникот избран од самите ученици. |
| • Содржина: **КВИЗ (ОЦЕНУВАЊЕ НА НАУЧЕНОТО)**<br><br>Број на часови: 1 | Во овој дел од часот, се разгледуваат ученичките портфолија заеднички со учениците кои содржат изработки од учениците, органајзерите за ипсативно оценување и сл. – Учениците добиваат КВИЗ со интересни прашања од досега наученото и одговараат на истите. Потоа заеднички се разгледуваат преку ипсативно оценување. |
| • Содржина: **ПАТРИОТИЗАМ (минати и современи патриоти)**<br>• (патриотизам, почитување на општествените норми и прописи)<br><br>Број на часови: 1 | Секој индивидуално истакнува сопствени денешни (современи) патриоти:спортски, музички, писатели кои успешно и со љубов ја промовираат нашата држава. Се подготвува училницата за практична работа и учениците изработуваат постер -Патриотите на Македонија во минатото и денес. Додека трае нивната активност, се следи и насочува нивната работа доколку имаат потешкотии со истата. Потоа го истакнуваат постер на видно место во нивната училница или училишен ходник и гласноговорникот од групата го презентира. |

| | |
|---|---|
| • Содржина: **ЕТИКА НА ЗДРАВЈЕТО**<br>• (здравје, биоетика, пороци)<br><br>Број на часови: 1 | На табла се истакнува хамер со (Мое-Наше) и од учениците се бара да одговорат кои средства за одржување на хигиената на телото може да ги корист една личност а кои можат да ги користат повеќе личности. Следува мала дискусија за дадените одговори преку која учениците ја развиваат свеста за личната хигиена и нејзините етички вредности. Следува делење на анкети (прашалници) за начинот на исхрана. Следува презентација на нивните одговори и мала дискусија. Потоа следува игра за одржување на здравјето и преку исхраната како и преку здравите навики за физичката активност, влијанието на компјутерите и ТВ. Се лепат два посебни листови (Се согласувам/Не се согласувам). Се читаат тврдењата од работниот лист и секој ученик застанува на местото ако се согласува односно не се согласува. Откако се позиционираат , се дискутира за нивниот избор. |
| • Содржина: **ЕКОЛОШКА ЕТИКА**<br>• (екологија)<br><br>Број на часови: 2 | Учениците дикутираат на кој начин се грижат за нивната соба, за нивната училница и за природната средина. Следува дискусија и за тоа кои се загадувачите на животната средина (почвата, водата, воздухот) и се стигнува до тоа дека човекот е најголемиот загадувач на животната средина. Се дискутира за отпадните материи во животната средина, за влијанието на отпадот врз здравјето на човекот и животната средина. Се лепат листови со (Точно/Неточно). Од работниот лист (Зелен барометар) се читаат тврдења и учениците се позицират за она тврдење кое мисли дека е точно или неточно при што следува образложение. Следува дискусија за тоа дека заштитата на животната средина започнува од домот па надвор. Учениците преку еко-квиз се самооценуваат колку всушност е развиена кај нив еколошката свест.<br>____________________________________________<br><br>Секој ученик во неколку реченици ги изразува своите гледишта за здравјето. Потоа ги споредуваат своите идеи со идеите на другите ученици и на крај се обидуваат да дојдат до заедничка дефиниција (за здравје) на паралелката. Паралелката ја споредува својата дефиниција со дефиницијата за здравје од Светската здравствена организација (СЗО). Се доаѓа до идејата 9Што значи здравјето?) , дека значењето на **Здравјето** има поширока слика. Следува хеуристички разговор со учениците за еколошки активности што ги направиле. Следи кратко објаснување за Рејчел Карсон- основач на боетиката и иницијатор на еколошката етика. Следува читање на информации за неа и презентирање на основниот лозунг на Рејчел Карсон: *„Човекот е дел од природата и неговата војна со природата неизбежно е војна против самиот себе“* .Од учениците се бара да ја искоментираат познатата етичка мисла. На учениците се делат работни листови со Етичко вежбалиште (Етички квиз). Учениците ги пополнуваат со заокружување и следува презентација на нивните одговори. |

| | |
|---|---|
| • Содржина: **КОМПЈУТЕРСКА (ИНФОРМАТИЧКА) ЕТИКА**<br>• (етичка информатика, сајбер насилство)<br><br>• Број на часови: 1 | На учениците се делат работни листови со задача (добри/лоши страни на социјалните медиуми). Додека трае активноста, се следи нивната работа доколку имаат потешкотии со истатаа по што следува презентација на нивните одговори. Следува разговор за тоа како социјалните мрежи можат да бидат забавни, истовремено и многу опасни. Следи дискусија со учениците преку прашања:<br>-**Кои се форми на насилство преку социјалните мрежи?**<br>**- Дали самоизразувањето на социјалните медиуми како може да биде ризично?**<br>Заеднички резимираме за Насилството (Булинг) како повредување на една личност или група од друго лице или група, во нашиот случај преку сајбер просторот. Следува објаснување за тоа што конкретно претставува сајбер насилството **(злоупотреба на дигиталните медиуми: како веб-страници, социјални мрежи, мобилни апликации и текстуални пораки) за: заплашување, вознемирување, малтретирање, имитирање, измама закани, ширење говор на омраза и сл.** Акцент се става на последиците кои можат да бидат крајно сериозни: намалена самодоворба , страв, депресија, немир, тага до намалено поведение и успех во училиште до агресивност и негативни мисли за самоповредување и сл. Дискусија со учениците за тоа на кој начин би реагирале односно спречиле **сајбер насилство** (учениците одговараат на кој начин би реагирале доколку би се соочиле со истото, на некое другарче би се случило или пак едноставно како би се заштитиле?) Следува дискусија со учениците дека и ние самите треба да бидеме свесни какви фотографии постираме на социјалните мрежи. Се прикажува фотографија и се чита приказна по што се дискутира за самоизразувањето на социјалните медиуми кое може да биде ризично. |
| • Содржина: **УНИВЕРЗАЛНА ЕТИКА**<br>• (универзалност, почит, достоинство)<br><br>Број на часови: 1 | Преку бура на идеи за знакот „Мир“ учениците ги даваат своите асоцијации што значи овој поим. Преку хеуристички разговор учениците истакнуваат во што се разликуваат луѓето помеѓу себе и во што се разликуваат семејствата помеѓу себе. Следува кусо излагање за универзалната етика како општа етика за целиот свет во која важат вредности исти за сите. Акцент се става на универзалните етички вредности **Почит** и **Достоинство.** Преку презентација се прикажуваат правилата за покажување почит како и разликата меѓу почитта и достоинството. Потоа следува **Вежба:** учениците добиваат задача на наставно ливче да напишат сопствен пример кој ги содржи универзалните етички вредности. Додека трае нивната активност се следи и насочува нивната работа доколку имаат потешкотии со истата. Потоа следува презентација на ученичките одговори. Следува презентирање на карактеристични норми кај различните народи, како и извадок за етичарот Алберт Швајцер (одговорност за се што живее). |

| | |
|---|---|
| • Содржина: **КВИЗ (ОЦЕНУВАЊЕ НА НАУЧЕНОТО)**<br><br>Број на часови: 1 | Во овој дел од часот, се разгледуваат ученичките портфолија заеднички со учениците кои содржат изработки од учениците, органајзерите за ипсативно оценување и сл. – Учениците добиваат КВИЗ со интересни прашања од досега наученото и одговараат на истите. Потоа заеднички се разгледуваат преку ипсативно оценување. |

| **Тема 3. ДОБРО ОДНЕСУВАЊЕ** | |
|---|---|
| ***Знаења/вештини:*** | |
| • Ги знае правилата на доброто однесување кон другите и во друштво;<br>• Сфаќа дека бонтонот е научено пристојно и правилно однесување;<br>• Ги знае правилата на доброто однесување во семејството, училиштето, меѓу другарите и во јавноста;<br>• Прави разлика меѓу прифатливо/неприфатливо однесување во општеството. | |
| ***Ставови/вредности:*** | |
| • Поддржува начела на добро однесување во семејството, училиштето, меѓу другарите и јавноста;<br>• Се залага за почит и грижа за другите како и одговорноста кон општеството и животната средина;<br>• Верува дека со постоењето на правила за добро однесување се постигнува ред во едно општетсво. | |
| ***Содржини (и поими) и број на часови*** | ***Примери на активности:*** |
| • Содржина: **ДОБРО (ПРИСТОЈНО) ОДНЕСУВАЊЕ**<br>• (прифатливо/неприфатливо однесување)<br>Број на часови: 1 | Учениците преку бура на идеи ги даваат своите асоцијации за тоа што подразбираат под “добро” (прифатливо) и “лошо”(неприфатливо) однесување. Даваат и свои примери на добро и лошо однесување. Се започнува со објаснување на поимот однесување како нешто што се прави секојдневно. Потоа секој ученик добива копија од работниот лист “вродено - научено однесување”. Учениците го пополнуваат наставниот лист и следува презентација на нивните одговори. Потоа следува кусо објаснување за групата вредности на заедничкото живеење кои спаѓаат во прифатливо однесување. Акцент се става на дефиницијата на **добро однесување** и на тоа дека во доброто однесување спаѓа Простувањето како значајна етичка карактеристика. Следува Вежба: учениците добиваат наставни листови со прифатливо-неприфатливо однесување и имаат задача да ги пополнат. Додека трае активноста, се следи и насочува нивната работа доколку имаат потешкотии со истата. Потоа се презентираат ученичките одговори и се развива дискусија. |

| | |
|---|---|
| • Содржина: **ОДНЕСУВАЊЕ ВО СЕМЕЈСТВОТО**<br>• (правила, обврски - задолженија)<br><br>Број на часови: 2 | Учениците преку разговор ги наведуваат улогите односно **задолженијата на возрасните** членови во едно семејство. Потоа се наведуваат и **задолженијата на децата** во семејството.<br>Следува објаснување за семејството како прва биолошка и социјална заедница во која човекот за прв пат се сретнува со етиката и моралот и дискусија за семејните различности и постоењето на главни општочовечки морални норми кои треба да ги следат сите семејства (љубов, меѓусебно почитување, подеднакво извршување на семејните обврски). Следува вежба 1**:** секој ученик добива работен лист од текстот "Налутената Лиле" и го анализира. Потоа одговара на поставените прашања и заеднички се дискутира. Следува вежба 2**:** на учениците се делат наставни листови со вежба за двојки од вредност и невредност и потребно да ги подредат по ред кои се најважни за среќата и кои придонесуваат за несреќа во едно семјество. Потоа следува презентација на ученичките одговори.<br>______________________________________________________________<br>Се објаснува накратко на учениците на кој начин ќе се одржи вежбата. Потоа учениците работат заеднички во група. Смислуваат заеднички правила кои треба да ги почитуваат сите членови во семејството и се договараат како тоа да го изразат преку напишани правила и цртеж на еден заеднички постер. Додека трае активноста, се следи и насочува нивната работа доколку имаат потешкотии со истата. Откако ќе го изработат постерот, учениците го поставуваат на видно место во својата училница. Групата си избира гласноговорник и ги презентира подготвените правила од постерот. |
| • Содржина: **ОДНЕСУВАЊЕ ВО УЧИЛИШТЕТО**<br><br>• (училиштен кодекс, колегијалност)<br><br>Број на часови: 2 | Се започнува со кусо објаснување за училиштата како втор дом за учениците и воедно тие преку хеуристички разговор ги искажуваат своите мислења за тоа што учиме во училиште, какви права и одговорности постојат во училиште. Следува вежба: учениците преку даден наставен лист ги подредуваат правилата на однесување на ученик, според нивни размислувања, од најважно правило па надолу. Додека трае нивната активност, се следи и насочува нивната работа доколку имаат потешкотии со истата. Потоа следува презентација на нивните одговори.<br>______________________________________________________________<br>Учениците даваат примери од лични искуства (пример за добро и лошо однесување со наставник, со вработен во училиштето или пак со нивен соученик). Учениците самостојно си запишуваат на лист правила на однесување во училница кои тие сметаат дека треба да ги почитуваат како во своето одделение така и меѓу своите соученици. Потоа секој поединечно ги презентира сопствените правила и учениците ги издвојуваат заедничките правила кои ќе стојат на постерот(училишен кодекс). Додека трае активноста се следи и насочува нивната работа доколку имаат потешкотии со истата. |

| | |
|---|---|
| | Откако ќе го завршат постерот со правила, учениците наоѓаат соодветно, видно место во нивната училница. Секој ученик поединечно ги презентира училишните правила со една мала училишна „заклетва“ на нивно почитување. |
| • Содржина: **ДОБРО ОДНЕСУВАЊЕ ВО ЈАВНОСТА**<br>• (Јавност)<br>Број на часови: 1 | Преку техниката бура на идеи, на табла, се запишува зборот- **Јавност**, и од учениците се бара да наведат што помислуваат откако ќе го слушнат зборот.<br>Се води разговор со учениците за следнте прашања:<br>-Кое однесување го нарекуваме јавно однесување?, -Кое однесување го нарекуваме лично однесување? -Објасни го поимот пристојност?<br>-Што подразбираш под поимот пристојно однесување?<br>Доаѓаме до следните заклучоци:<br>-Не треба да има разлика помеѓу она што е во човековата душа и неговите морални правила и карактеристики<br>- Јавноста мора да се почитува. Таа е дел од човековото живеење и не треба да постои разлика од тоа што го мислиме во себе и го покажуваме пред другите.<br>- Јавно однесување подразбира однесување во склад со правилата, воздржаност во постапките и намерите и префинето коректно, ненаметливо однесување.<br>Голем дел од животот на еден човек се случува пред ,,очите на јавноста‘‘, и поради тоа нашите дела и постапки често се изложени на судот од јавноста. Поради тоа многу често луѓето се покажуваат морални, а во себе криjат нечесни и неморални намери.<br>Учениците наведуваат примери на тоа како се однесуваат кога се наоѓаат во нивните домови ,а како кога се на училиште или на некое друго јавно место.<br>Следува **Активност -** Напишете краток текст во којшто ќе објасните што е тоа **дволична личност** (личност која едно мисли, а прави нешто сосема друго.) Потенцирајте ги карактеристиките и постапките на таа личност, потоа запишете ги и причините зошто сметате дека некој е дволичен.<br>Или пак може да се изведе следнава активност: Учениците да одглумат однесување при посета на музеј, кино, театар… |

| | |
|---|---|
| • Содржина: **ОДНЕСУВАЊЕ МЕЃУ ДРУГАРИТЕ**<br>• (другарство)<br><br>Број на часови: 2 | Во овој дел од часот, се делат наставни листови со вежба: од дадените слогови, учениците да состават зборови кои означуваат морална карактеристика на однесување. По кусата активност, следува презентација на одговорите.<br>Преку хеуристички разговор, учениците зборуваат за другарството и неговата вредност во животот (Што е другарство, зошто е значајно да се има другарчиња). Следува кусо излагање за коректноста и чесноста со другарите како и акцент се посветува на машкото и женското пријателство. Се отвара дискусија во врска со помагањето на едни со други меѓу другарите, и при тоа како треба да се однесуваме. Учениците меѓусебе споделуваат ситуации кога тие самите постапиле лошо кон својот другар поради што се чувствувале виновни и не знаеле што да направат или пак направиле за да ја поправат грешката. Секој ученик добива задача да напише едно извинување до некој кому му згрешил нешто.<br>________________________________________<br>На учениците работни листови со вежба- *Што кога пријателството исчезнува?* Учениците одговараат на прашањата -Како се чувствуваат и Што прават. Преку оваа кратка вежба учениците уште еднаш ја потврдуваат вредноста на другарството и постоењето на правилата за однесување меѓу другарите<br>Учениците добиваат работни листови со две ситуации: *„Фудбал.“* . Учениците ги анализираат по што следува дискусија за однесувањето и како правилно требало да постапат другарчињата. Следува читање на приказната “*Исмеаната Леа*” и се бара од учениците да напишат на лист хартија од една страна како се чувствувала Леа во дадената ситуација и како би се чувствувале ако би биле на нејзино место. На другата страна од листот да напишат како би се однесувале ако Леа би била нивна другарка и на кој начин би помогнале. Додека трае активноста се следи и насочува нивната работа доколку имаат потешкотии со истата. По завршената активност, се презентираат ученичките одговори. |
| • Содржина: **КВИЗ (ОЦЕНУВАЊЕ НА НАУЧЕНОТО)**<br><br>Број на часови: 1 | Во овој дел од часот, се разгледуваат ученичките портфолија заеднички со учениците кои содржат изработки од учениците, органајзерите за ипсативно оценување и сл. – Учениците добиваат КВИЗ со интересни прашања од досега наученото и одговараат на истите. Потоа заеднички се разгледуваат преку ипсативно оценување. |

| | |
|---|---|
| • Содржина: **БОНТОН НА МЛАДИТЕ**<br>• (Бонтон, етикеција)<br><br>Број на часови: 1 | Со учениците се дисутира за општите начела на однесувањето меѓу луѓето: почитување, помагање, неповредување, пристојност и сл. Учениците даваат сопствени примери за ситуации во кои истите се почитуваат/непочитуваат. Се дава на учениците наставен лист и преку поставените прашања, откриваат колку се застапени правилата на однесување во училиште. Се дискутира за постоењето на формални правила на однесување, обраќање, облекување, за начинот на зборување во разни прилики, на соодветни места и кон разни луѓе (Бонтон или етикеција). Учениците дискутираат за Бонтонот кај младите луѓе (Дали е застапен, колку е застапен, фактори кои влијаат врз формирање на бонтонот и сл.) |
| • Содржина: **ИЗРАБОТКА НА КАРТИЧКИ ЗА ДОБРО ОДНЕСУВАЊЕ**<br><br>Број на часови: 1 | Со учениците се дискутира за добро однесување односно правила на однесување со познати и со непознати луѓе. Следува дискусија за покажувањето почит кон другите луѓе иако тие се разликуваат од нас. Се потсетуваат учениците (се прикажуваат фотографии) и на одредени морални личности од историјата кои поучувале на етичките вредности.<br>Учениците започнуваат со активноста: секој ученик индивидуално изработува картички со пораки за добро однесување, меѓу кои, во истите ги вметнува и етичките мисли на веќе изучени етички мислители. Картичките за добро однесување ги изработуваат од лист блок, дадени фотографии со познати етички мислители и цртежи кои прикажуваат етички вредности за добро однесување. Учениците, користејќи ја својата креативност и имагинација, цртаат самостојни фотографии кои одговараат на нивната порака за добро однесување, без разлика дали е постоечка или смислена. Додека трае активноста, се следи и насочува нивната работа доколку имаат одредени потешкотии со истата. Потоа следува презентација на изработените картички. |